РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-1107/5
08-07-2024 година

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот: , со адреса на ул. Скопје, поднесено на 27.06.2024 година, директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето поднесено од заведено под број 08-1107/1 од 27.06.2024 година, СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Барателот , до Агенцијата за администрација на ден 27.06.2024 година поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

*Во врска со Јавен оглас број 610/2023 да му се достави конечната ранг листа изработена од Комисијата за селекција со посебен осврт на број на бодови од секој критериум во секоја од фазите, поточно освоените бодови за*
*Бара информација и за следното: 1)Кое формално образование го поседуваат двајцата избрани кандидати; 2)Врз основа на кои сертификати со име на издавачот и назив на сертификатот се доделени бодовите на двајцата избрани кандидати во делот на неформалното образование; 3)Кое работно искуство го поседуваат избраните кандидати; 4)Дали избраните кандидати имаат доставено сертификат за познавање на работа со компјутерски програми за*

*канцелариско работење и 5)Кои прашања им биле поставени и кои одговори ги дале двајцата избрани кандидати во Фаза 3.*

Имајќи го предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информации од јавен карактер, а постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против донесеното решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,

Изработил:
Согласен:

Доставено до:
- Директор;
- Барателот на информацијата;
-Сектор за правни работи и
-Архива.